trd KABEL NET doo Strumica
Nevena Stojkova No 17, 2400 Strumica, Makedonija
phone : +389 34 344 533

До Министерство за информатичко општество
и администрација

Предмет : ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИ И ЗАБЕЛЕШКИ НА „ Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Во духот на целите и намерите на владата за донесување на овој закон и препораките на Прибе, Ви ги предлагаме следните измени во Предлогот.

1. Во Член 37 ( а кој се однесува на Член 143 од законот) да се промени став (3) на следниот начин :

Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавните електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, освен телешопингот, рекламите и програмите што се реемитуваат во дигиталниот пакет .

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ :

Со оваа измена се дозволува користење на предностите на дигиталната технологија за избор на титлови по желба на гледачот.

Од ова измена корист ке имаат корисниците кои добиваат право на избор.

2. Во Член 37 ( а кој се однесува на Член 143 од законот) да се брише став (5)

„(5) Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет во кој задолжително треба да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис и задолжително да ги содржи програмските сервиси на домашните радиодифузери кои емитуваат телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс „

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ :

Овој став не е во духот на целите и намерите за донесување на овој закон и со забелешките на Прибе и дополнително внесува нерамноправност помеѓу операторите кои реемитуваат програмски сервиси и радиодифузерите, и можност за злоупотреби.

а) Задолжителното реемитување на Јавниот радиодифузен сервис е обезбеден во Став 4 од истиот член.

б) Со текстот во став (5) државата директно се меша во односите помеѓу приватни трговски друштва ставајќи ги операторите кои реемитуваат програмски сервиси во подредена положба и го загрозува нивното опстојување на пазарот. Со тоа се отвара сомнеж дека фаворизирајки ги радиодифузерите државата повторно гради врски и си отвара можност за влијание на радиодифузерите, што од друга страна се коси со намерите и целите и причината за донесување на овој закон и е една од основните забелешки на Прибе.

в) Со текстот во став (5) државата се меша во обликувањето на програмскиот пакет, кој е основен продукт на Операторите , без видлива и образложена причина .

г) Со текстот во став (5) се прави досега непознат преседан да државата со закон задолжува приватна компанија евентуално и на своја штета да воспостави деловен однос со друга приватна компанија.

Односно Операторите кои реемитуваат програмски сервиси задолжително мораат да ги реемитуваат радиодифузерите со национална концесија.

д) Овој став на никој начин не ги заштитува корисниците на Операторите кое што е вашето образложение за измената на овој член од законот , бидејки и радиодифузерите и корисниците имаат на располагање друг начин на пренос и прием на телевизиските сервиси. ( Преку Дигиталниот терестријален мултиплекс кој е достапен на цела територија на РМ )

27.11.2017
трд Кабел Нет - Струмица